EAST GATE MALL

**ПРАВИЛА ЗА КАМПАЊА „СКЕНИРАЈ И ДОБИЈ 8 март“**

Организатор на кампањата „Скенирај и добиј“ е Друштво за управување со недвижен имот Еаст Гате Малл ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Беласица бр. 2, 1000 Скопје, општина Гази Баба, со ЕДБ: 4043019526203 и ЕМБ:С 7339046 (во понатамошниот текст: Организатор).

**Општи услови**

Со овие услови се утврдуваат правилата за кампањата „Скенирај и добиј“ (во понатамошниот текст: Кампања/та).

Правилата ќе бидат објавени на веб страната на Организаторот и/или на мобилната апликација на Еаст Гате Малл.

Со учество во Кампањата, секој учесник ги прифаќа правата и обврските утврдени во овие Правила.

Оваа Кампања не претставува игра на среќа, туку кампања врз основа на рангирање согласно однапред утврдени критериуми.

**Времетраење**

Кампањата започнува на 01 март 2026 година (00:00 часот) и ќе трае до 08 март 2026 година (23:59 часот).

Во предвид ќе се земаат исклучиво фискални сметки издадени и скенирани во наведениот период.

Фискалните сметки издадени надвор од наведениот период нема да бидат земени предвид, без оглед на датумот на нивно скенирање.

**Право на учество**

Право на учество во Кампањата имаат сите физички лица кои:

- Имаат наполнети 18 години.

- Имаат креиран кориснички профил во мобилната апликација на Еаст Гате Малл.
- Во периодот на Кампањата ќе скенираат валидна фискална сметка издадена од продажно место лоцирано во рамки на Трговскиот центар Еаст Гате Малл.

**Начин на учество**

За учество во Кампањата потребно е учесникот:

- Да изврши купување во продажно место лоцирано во рамки на Трговскиот центар Еаст Гате Малл.
- Да поседува валидна фискална сметка издадена во периодот од 01.03.2026 до 08.03.2026 година.
- Да ја скенира фискалната сметка преку мобилната апликација на Еаст Гате Малл во периодот на траење на Кампањата.

Секој учесник може да скенира неограничен број на фискални сметки.

Една фискална сметка може да биде искористена исклучиво еднаш и не смее да биде предмет на повеќекратно скенирање или користење од различни кориснички профили.

Организаторот го задржува правото да побара приложување на оригиналната фискална сметка заради проверка на валидноста.

**Механизам на рангирање и избор**

Во рамки на Кампањата ќе бидат наградени 100 (сто) учесници со највисока вкупна вредност на скенирани фискални сметки во периодот на Кампањата.

- Ќе се пресметува збирот на сите валидно скенирани фискални сметки по поединечен кориснички профил.
- Доколку двајца или повеќе учесници имаат ист вкупен износ, предност ќе има учесникот кој порано го достигнал истиот износ (според датум и време на скенирање).
- Учесник чии вкупно скенирани сметки во периодот на Кампањата не надминуваат 10.000,00 денари, не стекнува право на награда.

Рангирањето ќе се изврши врз основа на податоците евидентирани во системот на Организаторот.

Одлуките на Организаторот во однос на рангирањето се конечни.

**Награди**

Секој од 100-те рангирани учесници ќе добие:

- Gift картичка на East Gate Mall во вредност од 1.000,00 (илјада) денари.

Наградите не се заменливи за готовина, ниту можат да се пренесат на трето лице.

**Известување и доделување на награди**

Добитниците ќе бидат контактирани телефонски и на e-mail адресата наведена во нивниот кориснички профил во мобилната апликација.

Доколку добитникот не одговори во рок од 5 (пет) работни дена од денот на контактот, Организаторот го задржува правото наградата да ја додели на следниот рангиран учесник.

Организаторот го задржува правото јавно да ги објави имињата на добитниците на својата веб страница и/или социјални медиуми, согласно важечките прописи за заштита на лични податоци.

Добитникот е должен при подигнување на наградата да приложи документ за лична идентификација.

**Одговори на прашања**

Сите прашања поврзани со кампањата "Скенирај и добиј" учесниците може да ги поставуваат преку социјалните медиуми на Организаторот.

Организаторот ќе одговори во разумен рок, согласно интерните процедури.

**Дисквалификација**

Организаторот го задржува правото да дисквалификува учесник:

- Доколку достави неточни или нецелосни податоци.

- Доколку приложи невалидни, фалсификувани или манипулирани фискални сметки.
- Доколку се утврди злоупотреба на апликацијата или системот за скенирање.
- Доколку постапува спротивно на овие Правила.

Одлуките на Организаторот во однос на дисквалификацијата се конечни.

**Заштита на податоци**

Личните податоци на учесниците (име и презиме, телефонски број, e-mail адреса и други релевантни податоци) ќе се користат исклучиво за цели на реализација на Кампањата, односно за:

- Проверка на регуларноста на учеството.
- Контактирање на добитниците.
- Доделување на наградите.

Организаторот се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува согласно важечките законски прописи и ќе ги чува во период од 3 (три) месеци по завршувањето на Кампањата, по што истите ќе бидат уништени согласно интерните процедури.

Со учество во Кампањата, учесниците даваат согласност за обработка на личните податоци за наведените цели.

**Одговорност**

Организаторот не сноси одговорност за:

- Технички проблеми при користење на мобилната апликација или интернет конекција.
- Невалидни или нечитливи фискални сметки.
- Неточни податоци внесени од страна на учесниците.

EAST GATE MALL

**Евентуални спорови**

Секое несогласување помеѓу Организаторот и учесниците ќе се решава спогодбено, а во случај на спор надлежен е стварно надлежниот суд во Скопје, согласно важечките закони во Република Северна Македонија.

**Важност на Правилата**

Овие Правила важат од денот на нивното донесување и ќе важат до завршувањето на Кампањата.

Кампањата може да се откаже во било која фаза, во случај на виша сила, во ситуација кога не постои можност Организаторот да има независност во спроведувањето на кампањата.

Организаторот го задржува правото без претходна најава да ги измени и/или дополни овие Правила, при што измените ќе стапат во сила со денот на нивното објавување на веб страната на Организаторот.

Со учеството во Кампањата, учесниците во целост ги прифаќаат овие Правила.

**Организатор на кампањата**
**ЕАСТ ГАТЕ МАЛЛ ДОО увоз-извоз Скопје**